У-5 бр.462/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје, поднесена преку полномошник адвокат Емил Мифтари од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, за избор на најповолна понуда, на одржаната јавна расправа во присуство на полномошник на тужителот Адвокат Андријана Јанковска од Скопје и во присуство на Зоран Трајановски вработен кај тужениот на 02.07.2021 година ја донесе следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА:

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест трошоците по постапката во износ од 24.904,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја усвоила жалбата на ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ – Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година донесена по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01113/2021 за набавка на стоки – медицински гас – кислород на договорниот орган ЈЗУ Клиничка болница – Штип, како и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година и предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-332/6 од 18.03.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата и на одржаната јавна расправа наведе дека во конкретниот случај тужениот орган сторил повреди на постапката кога во

оспореното решение утврдил дека договорниот орган евалуацијата на понудите ја спровел согласно членот 109 од Законот за јавните набавки, од причина што при евалуацијата на пристигнатите понуди не ги применил доследно членот 82 став 1, 6 и 8 од Законот за јавните набавки, односно во техничките спецификации - описот на предметот на набавката е дефиниран на начин што ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори, на начин што единствен носител на одобрение за ставање на лек во промет кој има регистрирано пакување на кислород во боци од 20 литри е токму ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ – Скопје, што значи дека директно го фаворизирал наведенито понудувач. Во оваа насока наведе и дека од содржината на техничките спецификации наведени во Тендерската документација, не произлегува дека економските оператори медицинскиот кислород требало задолжително да го испорачаат во челични боци во сите наведени волумени (5, 10, 20 и 50 литри), туку во волумен во распон од 5 – 50 литри, така што од содржината на понудата може да се утврди дека располагал со одобрение за боци од 5, 10 и 50 литри. Истакна дека договорниот орган согласно техничките спецификации побарал предметот на набавката – медицинскиот кислород да се испорачува во челични садови – боци во распон од 5 – 50 литри, а не во боци со точно определен волумен, па поради сето наведено, погрешно утврдил дека сега тужителот не доставил прифатлива понуда поради фактот што не поседува одобрение за ставање во промет на медицински кислород во боци од 20 литри.

Во одговор на тужбата и на одржаната јавна расправа тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение.

Јавната расправа закажана за 02.07.2021 година се одржа во присуство на полномошникот на тужителот и на полномошникот на тужениот, согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решение Број 09-332/6 од 18.03.2021 година на Државна комисија за жалби по јавни набавки, Одговор на тужба Бр. 09-332/8 од 14.05.2021 година и увид во досие на постапката во ЕСЈН (Електронски систем за јавни набавки) по оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.01113/2021 за набавка на стоки-Медицински гас кислород на договорниот орган ЈЗУ Клиничка болница Штип.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ЈЗУ Клинички центар – Штип спровел постапка за јавна набавка со објавен Оглас за јавна набавка со Отворена постапка бр.01113/2021 за набавка на стоки – медицински гас – кислород, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-2021-01113/01/1 од 03.02.2021 година. Набавката била неделива, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службен весник на РМ и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН

и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда врз основа на цената, а од понудувачите било побарано да доставaт документ за регистрирана дејност и решение за промет на големо со лекови и медицински средства – согласно предметот на набавката, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 05.03.2021 година пристигнале вкупно две понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите бр.05-2021-01113/17/1 од 05.03.2021 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, прифатливите понуди биле поканети на спроведување на Е-аукција, па врз основа на Извештајот од спроведена постпака Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година.

Против оваа одлука, економскиот оператор ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ – Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-332/6 од 18.03.2021 година ја уважила и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година и предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган, со образложение дека понудата на избраниот понудувач ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје била неприфатлива, односно не било приложено соодветно одобрение/решение за ставање во промет на готов лек за пакување на медицински кислород во боци од 20 литри (кој факт избраниот понудувач и не го негирал), така што не докажал дека има покритие за полнење на боците со медицински кислород со различен волумен во распон од 5 – 50 литри како што било наведено во техничката спецификација, поради што било констатирано дека договорниот орган не ја спровел евалуацијата на понудите согласно членот 109 од Законот за јавните набавки.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и

барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди нема да бидат евалуирани.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение ја уважил жалбата на економскиот оператор ЛГ ВЕСТ БАЛКАН ИНДУСТРИСКИ И МЕДИЦИНСКИ ГАСОВИ ДООЕЛ – Скопје, поништувајќи ја Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-2021-01113/21/1 од 12.03.2021 година и со тоа предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган, со образложение дека понудата на избраниот понудувач ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје била неприфатлива, од причинам што не било приложено соодветно одобрение/решение за ставање во промет на готов лек за пакување на медицински кислород во боци од 20 литри, бидејќи не докажал дека има покритие за полнење на боците со медицински кислород со различен волумен во распон од 5 – 50 литри како што било наведено во техничката спецификација, поради што било констатирано дека договорниот орган не ја спровел евалуацијата на понудите согласно членот 109 од Законот за јавните набавки.

Горе наведеното како резултат на фактот што имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба во предметот, а согласно приложените материјални докази, Судот смета дека економскиот оператор ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје не поднел прифатлива понуда согласно условите и критериумите дефинирани во техничките спецификации како дел од Тендерската документација поврзани со предметот на набавката. Ова како резултат на фактот што избраниот понудувач требал да го испорачува предметот на набавката – компримираниот гас – кислород во челични садови (боци) сопственост на договорниот орган на принципот размена на празна за полна боца, а кои боци виле со различен волумен во распон од 5 – 50 литри (5, 10, 20 и 50 литри), што значи дека кислородот кој е предмет на набавката ќе се испорачува во боци со наведениот капацитет, вкчучително и во боци со капацитет од 20 литри, поради што и заинтересираните економски оператори треба да приложат одобрение/решение од надлежна институција за ставање во промет на готов лек за пакување на медицински кислород во боци во сите наведени волумени посебно и тоа: за 5, 10, 20 и 50 литри.

Имајќи го предвид горе наведеното, како и фактот што избраниот понудувач - сега тужител ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО – Скопје кон својата понуда не доставил соодветно одобрение/решение за ставање во промет на готов лек за пакување на медицински кислород во боци од 20 литри, согласно бараното во техничката спецификација на предметот на набавката, така поднесената понуда ја прави неприфатлива, додека постапката за евалуација на понудите во која понудата на овој понудувач била избрана како најповолна, ја прави спротивна на членот 109 од Законот за јавните набавки.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно ги применил одредбите кои го регулираат начинот на спроведување на постапката за јавна набавка во делот на евалуацијата на поднесените понуди, посебно во делот на техничките карактеристики на предметот на набавката.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во обрзложението на оваа одлука.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Исто така, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), со оглед на успехот во спорот, Судот одлучи дека барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката, согласно доставениот трошковник во вкупен износ од 24.904,00 денари, е неосновано, па одлучи како во точка II од диспозитивот на оваа одлука.

Пресудено во Управниот суд на 02.07.2021 година под У-5.бр.462/2021

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител преку полномошник адвокат Емил Мифтари од Скопје,
- тужен орган

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * УПРАВЕН СУД * СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * GJYKATA ADMINISTRATIVE * SHKUP 9

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВК/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
1